**УДК 398.8:002.1-028.17(439)**

**Ана Марија Боља (Унгарија)**

# УНГАРСКИ БАЗИ НА ПОДАТОЦИ СО ВИЗУЕЛНИ ЗАПИСИ ОД МУЗИЧКИОТ ФОЛКЛОР НА БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ

*Айсшракш*: Статијава се однесува на базите на податоци со визуелни записи (видеоснимки, филмови и фотографии) од музичкиот фолклор на народите од Балканот. Овие материјали се наоѓаат во архивите на научноистражувачките институции во Унгарија, а се однесуваат на македонскиот, бугарскиот, грчкиот, српскиот, хрватскиот и на фолклорот на другите народи од поранешна Југославија. На нив се забележени песни и ора во автентична изведба или музички форми што се изведени на фестивали со адаптирани и стилизирани кореографии. Исто така е претставена и актуелната ситуација со негувањето на музичкиот фолклор од страна на српското, хрватското и македонското малцинство во Унгарија.

*Клучни зборови*: народни песни и танци, бази на податоци со визуелни материјали за музички фолклор, Балкан, Македонија, Унгарија.

## Бази на податоци во Унгарија

Во 1896 г. Бела Викар за прв пат во Унгарија регистрирал народни песни со фонограф (Landgraf: 2). Подоцна Бела Барток, Золтан Кодаљ и Ласло Лајта ги проширувале истражувањата и кај народите од Карпатската Котлина, а со тоа ги поставиле темелите на етномузикологијата и на истражувањето на фолклорот. Покрај обработките на изворните материјали се обидувале да ја имплементираат народната музика во современата култура и да ја направат достапна во образовно-просветната дејност. Меѓу нивните следбеници бил Ѓерѓ Мартин, кој ги поставил темелите на истражувањето на народните игри. Тој се занимавал со сите видови народно творештво во Карпатската Котлина. Во неговото творечко истражување дошол во тесна врска со препородот во фолклорот. Препородот на фолклорните игри дошол до израз и во танцхаз-движењето, коешто започнало во 1972 година. Ова движење ќе биде објаснето понатаму во текстот.

На крајот на XX и на почетокот на XXI век се започнало со реализирање на проекти за дигитализирање на базите на податоци со овој вид народно творештво.

Најзачајната збирка на филмови што регистрирале традиционални танци била формирана во Институтот за музикологија каде што Ѓерѓ Мартин бил директор од 1974 до 1983 година[1]. Базата на податоци на Одделот се состои од документи со кореографски знаци (лабанотација), ракописи, грамофонски плочи, компакт-

[1] Martin http://mek.oszk.hu/00300/00355/html/ABC09732/10111.htm (8. 10. 2013).

дискови, дигитални видеодискови, магнетофонски ленти, ВХС-касети и фотографии[2]. Дел од збирката на Институтот за музикологија е дигитализиран, а базите на податоците се ставени на веб-страницата на Институтот. Збирката се состои од девет дела:

1. „Збирка на унгарска народна музика“ – дигитална база на податоци базирана на збирките на Бела Барток и Золтан Кодаљ, но има и неколку постари збирки од 1898 година.
2. „База на податоци за народни игри“ е збирка на филмови на Институтот. Тука може да се побараат снимките според регистарски број, име на играта, тип и поттип на играта, информатор, град или село, жупанија и танцов дијалект. Моментално содржи 255 снимки.
3. „Збирка на мотиви“ каде што можат да се најдат мотиви од претходната база на податоци со кинетографски знаци.
4. „Збирка на Золтан Калош“ – музика и песни од Трансилванија и музика и песни на Чангите[3].
5. „Бела Барток. Унгарски народни песни – универзална збирка“ – интернетски публикувана форма на Барток-ред, со тесаурус, бази на податоци и со мултимедијални алатки.
6. „Публикувани снимки на народна музика“ – база на податоци од 6000 снимки каталогизирана според повеќе аспекти.
7. „Публикувани изданија со оригинални снимки на народна музика“ – каталог.
8. „Фотоархив на народна музика и народни игри“. Оваа збирка содржи етнографски фотографии поврзани со музика и игри[4].
9. „База на податоци за филмови со традиционални танци“, „TáncFA“ е првата фаза со 25 филмови. Збирката содржи снимки од сите региони на унгарското фолклорно подрачје од приватни и други збирки на филмови[5].

Овие бази на податоци се во различна фаза на изработување и постојано се обновуваат[6]. Од приложеново може да се види дека филмовите за народни игри/танци заземаат значајно место меѓу збирките.

Друг важен истражувачки центар е Куќата на традицијата каде што на сличен начин се работи на создавање бази на податоци за филмови за народни игри/танци. Тука, библиотеката и архивот се одговорни за документирање на фолклорното творештво. Збирката, формирана од Ѓерѓ Мартин, се состои од библиотека, збир-

[2] Институт за музикологија, Оддел и архив за етномузикологија и етнокореологија: http://www.zti.hu/zti_uj/index_hu.htm?08 (6. 6. 2013).

[3] За Чангите види тука: http://sr.wikipedia.org/wiki/%D0%A7%D0%B0%D0%BD%D0%B3%D0%BE

[4] Интернетски бази на податоци на Институтот за музикологија http://db.zti.hu (1. 8. 2013).

[5] http://www.zti.hu/tanc/tancfa.htm (5. 7. 2013).

[6] Извештај на Научниот комитет за танци на Унгарската академија на науките, 2012 година: http://mta.hu/data/cikk/11/74/71/cikk_117471/Tanctudomanyi_Munkabiz_beszamolo__2012.pdf

ка на ракописи, збирка со аудиоматеријали и збирка на филмови[7]. Нејзината дигитализација се одвива перманентно. Денес голем број филмови од овие бази на податоци се достапни на Интернет. На страницата може да се пребаруваат материјали според собирач, тематика, терен, период, а може да се добијат во нотна форма и со кореографски знаци. Системот работи преку електронска адреса, а бараните податоци стигнуваат на дадената адреса за околу 5 минути[8].

## Материјали од Балканот

Бела Барток собирал песни од малцинствата во Унгарија, но посериозно и систематизирано ја истражувал музиката на балканските народи.

Денес, една од задачите на Одделот и архивот за етномузикологија и етнокореологија е поддржување и обработување на фолклорното богатство на малцинствата во Унгарија и на соседните народи[9]. Првите филмови за народни игри/танци во базите на податоци се појавиле во 1948 година во каталогот на Институтот за музикологија. Меѓу филмските ленти може да се најдат филмови со материјали од Балканот. Тука има материјали забележени во периодот од 1948 до 1986 година од различни краишта на Македонија, а претставуваат снимки на изворна музика изведена на фестивали и преработени кореографии од фестивали. Бугарските материјали се од периодот од 1979 до 1998 година од збирките во Бугарија и Унгарија и од фестивали. Има и неколку грчки материјали од фестивали од 1949 до 1979 година. Српските снимки се од 1948 до 1984 година и содржат изворни материјали од разни краишта на Србија и Унгарија, како и од фестивали. Хрватските снимки се главно од унгарските подрачја и од различни фестивали одржани во периодот од 1948 до 1986 година. Покрај тоа, можат да се најдат бошњачки, буњевски и шокачки материјали од Унгарија, како изворни така и од фестивали. Исто така има и снимки од албанскиот и од словенечкиот музички фолклор[10].

Кога зборуваме за собирање на музички форми на балканскиот фолклор во Унгарија, треба да ги спомнеме Тихомир Вуичиќ и Антун Кричковиќ. Вуичиќ бил познат композитор со српско потекло што ја истражувал балканската народна музика во Унгарија. Резултатите од овие истражувања се презентирани во книгата „Музичка традиција на Јужните Словени во Унгарија“ (Vujicsics 1978). Антун Кричковиќ е познат кореограф со буњевско потекло. Тој го основал централниот ансамбл на малцинствата во Унгарија – „Fáklya“ (Факел), кој денес е само хрватски ансамбл (Bólya 2012: 45–46). Вуичиќ и Кричковиќ заедно собрале многу јужнословенски материјали од целата територија на Унгарија (Lukács 2009: 51–53).

Во интернетските „Бази на податоци за народни игри“ на Институтот за музикологија можат да се најдат главно унгарски материјали. Базите на податоци за

---

[7] http://www.hagyomanyokhaza.hu/fdk (10. 10. 2013).

[8] Бази на податоци за фолклорот http://www.folkloredb.hu/fdb/index.php (2. 2. 2013).

[9] Оддел и архив за етномузикологија и етнокореологија: http://www.zti.hu/zti_uj/index_hu.htm?08 (6. 6. 2013).

[10] Каталог на филмски ленти од Институтот за музикологија.

филмови за народни игри/танци содржат романски[11] игри и ора од Унгарија и од Трансилванија. Треба посебно да се спомне фолклорот на Чангите, кој е унгарски фолклор, но со силно балканско влијание[12].

Во Куќата на традицијата има материјали од речиси сите балкански народи. Тие материјали можат да се најдат и во Институтот за музикологија, но се малобројни и сè уште ги нема во интернетската база на податоци.

## Нова иницијатива: бази на податоци за македонскиот фолклор

Во 2013 година меѓу другите проекти на Лекторатот по македонски јазик во Будимпешта започна создавање на унгарската база на податоци за македонскиот фолклор. Во оваа база денес се наоѓаат книги, компакт-дискови, дигитални видеодискови, фотографии и филмови во дигитална форма. Библиотеката на Лекторатот има околу 2000 книги од кои околу 300 книги се во тесна врска со фолклорот и етнологијата. Збирката на книги во базата на податоци се состои од овие 300 книги и неколку книги од приватни збирки.

Меѓу филмовите денес се наоѓаат и материјали од теренски истражувања од 2013 и 2014 година, кои беа реализирани со финансиска помош од унгарската држава и со помош на Институтот за етнологија и антропологија при УКИМ и Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ од Скопје. Тематиката на фотографиите, аудиоснимките и видеоснимките главно се поврзани со празничните обичаи и орската традиција. На компакт-дискови и дигитални видеодискови се наоѓаат снимки со изворна музика и ора, изворен и обработен материјал од фестивали и кореографии од Националната установа „Танец“.

Првата фаза во работењето е пронаоѓање на материјали од македонскиот фолкор во Унгарија и паралелно составување подбази на податоци со материјали од Македонија.

Од 2014 година планираме каталогот да биде јавно достапен. Исто така планираме да се зајакнат постојаните професионални врски со Библиотеката на Унгарската академија за танц, со Институтот за музикологија и со Катедрата по етномузикологија при Унгарската академија за музика „Франц Лист“.

Каталогот на гореспоменатите филмови со македонски материјал од Институтот за музикологија и од Куќата на традицијата ќе го имплементираме во базите

[11] Како резултат на заедничкото живеење во Трансилванија и постоењето на романско малцинство во Унгарија, романскиот фолклор зазема речиси централно место во унгарските бази на податоци за фолклорот.

[12] Етничката група Чанги е мошне интересна појава во унгарскиот фолклор, бидејќи тие во текот на вековите мигрирале преку поранешната граница на Унгарија и се населувале на романски подрачја. Овие унгарски етнички групи имаат поархаичен јазик и фолклор. И денес може да се најдат, но процесот на асимилација и исчезнување продолжува. Неколку од групиве го заборавиле јазикот и зборуваат романски и можат да се разликуваат само според римокатоличката религија. Друга интересна појава во нивниот фолклор е балканското влијание што се манифестира со постоењето на повеќе видови ора и повеќе нерамноделни тактови.

на податоци, а потоа филмовите ќе ги копираме во дигитална форма. Покрај тоа собираме материјали од Здружението на егејските Македонци во Унгарија.

Целта е да се состави систематизирана база на податоци за македонскиот фолклор, материјалите да се направат достапни или да се даде информација за изворот на одредени материјали со што ќе се помогне во работата на институциите што се занимаваат со балканскиот или само со македонскиот фолклор.

Со помош на Институтот за етнологија и антропологија при УКИМ во Скопје направивме избор на филмови поврзани со различни празници, обичаи и ора што се наоѓаат во дигиталната архива на филмови на Институтот. Покрај тоа базата на податоци е постојано освежувана со фотографии и снимки од теренските истражувања во Македонија.

## Улогата и користењето на базите на податоци

Да го спомнеме танцхаз-движењето што се развивало како унгарски модел за зачувување на нематеријалното културно наследство. Зборот танцхаз (táncház) во буквален превод значи „куќа на танцот". Таа традиција е со потекло од Трансилванија, а во таква куќа луѓето се сретнуваат само за да танцуваат. Во периодот на советската диктатура, почнувајќи од 1972 година, танцхаз станува мода, а потоа и движење во Унгарија што било многу популарно помеѓу младите луѓе (Bólya 2012: 45–46). На танцхаз-настаните се учат разновидни танци, што е секогаш проследено со жива музика. Од ноември 2011 год. танцхаз-методот е на списокот на УНЕСКО како традиција под негова заштита[13]. Балканското танцхаз-движење започнало во 1974 година, само две години по унгарското, и од самиот почеток станало многу успешно. Негов основач бил Антун Кричковиќ. Денес има многу видови на балкански танцхази. Програмата е разновидна, а најчесто се изведуваат бугарски, македонски, српски и хрватски ора/танци. Исто така постојат танцхази со романски и грчки ора. Балканските танцхази се организирани од страна на музичките ансамбли.

Во Унгарија Бугарите, Грците, Романците, Србите и Хрватите имаат официјален статус на малцинства. Македонците, за жал, не успеаја да го добијат тој статус. Официјалните малцинства во Унгарија добиваат поддршка и имаат свои самоуправи, односно може да го негуваат својот фолклор и да формираат фолклорен ансамбл. Во Унгарија постојат повеќе ансамбли за бугарски, грчки, српски и хрватски, како и за романски фолклор. Во Унгарија извесен број Македонци се членови на бугарската или на српската заедница, но најмногу Македонци одржуваат врски со грчкото малцинство, што се состои главно од бегалци од Егејска Македонија. Голем дел од децата бегалци биле Македонци (Боља 2013: 6).

Првата македонска група во Унгарија, под името КУД „Охрид", беше основана во 2012 година. Таа добро функционира бидејќи нејзиниот раководител е етнограф што се занимава со проучување на македонското фолклорно творештво. Постоењето на овој мал ансамбл е голем успех од аспект на состојбата со македонската

[13] Танцхаз-методот на веб-страницата на УНЕСКО: http://www.unesco.org/culture/ich/index.php?lg=en&pg=00011&Art18=00515

култура во Унгарија. Денес тој има пет члена, односно пет девојки. Репертоарот на групата се состои од песни, изворни ора и една кореографија на „Танец“[14].

Гледајќи ги балканските танцхаз-настани и будимпештанските балкански фолклорни групи, денес можат да се набљудуваат процесот на трансформација на овој вид музички настани, како и живиот фолклор. Во танцхазите честопати чекорите се интересни, но немаат никаква врска со оригиналните чекори на конкретното оро. Понекогаш нема ниту еден учесник од малцинството чии танци се изведуваат. Ова е, за жал, вистината за балканските фолклорни групи што изведуваат само обработени или стилизирани кореографии. Постои, на пример, бугарски фолклорен ансамбл без ниеден член од бугарското малцинство. Се разбира има и исклучоци, како на пример бугарската фолклорна група „Зорница“[15], којашто има кореограф образован во Бугарија, а сите членови се со бугарско потекло и имаат љубов кон фолклорот (Bólya 2013: 4). Интересно е дека водачот на ансамблов има и македонско потекло.

Балканските фолклорни ансамбли во Унгарија треба да ги користат сите можности за да останат во контакт со матичната земја, а со тоа можат да помогнат во ширењето на својата култура во јавноста. Како добар пример може да послужи праксата на Лекторатот по македонски јазик со резултатите на оваа иницијатива. Кон ова може да придонесе понатамошното развивање на балканските танцхаз-настани во Унгарија, коишто денес се многу успешни.

Во програмата на лекторатите и катедрите по јазик има и содржини од областа на културата, од што може да се согледа дека фолклорот е многу значајно подрачје за еден народ. Идејата на Лекторатот по македонски јазик може да им помогне и на другите лекторати и катедри по јазик, како што се бугарските, српските, хрватските итн. да направат врски со споменатите бази на податоци за филмови со народни танци.

Зборувајќи за формалното образование, треба да ги спомнеме училиштата и гимназиите на малцинствата, како што се хрватската и српската гимназија во Будимпешта. Хрватската гимназија и ансамблот „Бакља“ (Факел) се две институции сместени во убава зграда, каде што учениците се запознаваат со фолклорот под водство на Антун Кричковиќ. Тоа значи дека тука има идеални услови за изучување на фолклорот. Српскиот ансамбл, исто така, работи во истата зграда во којашто е сместена и српската гимназија. Тие, исто така, работат многу добро, и поставуваат обработени и стилизирани кореографии. Покрај тоа, запознавањето на учениците со повеќе изворни материјали може да има позитивно влијание врз нив.

Золтан Кодаљ вели дека децата треба да учат да пеат на музичкиот мајчин јазик, односно да ги пеат песните на својот народ. Аналогно на тоа може да се каже дека учењето на танцувањето треба да се почне со учењето на мајчиниот танцувачки јазик, бидејќи ова се составни делови од културата на еден народ. Затоа е многу важно да се одржуваат врски со фолклорните извори и да се зајакнува сопствената култура.

---

[14] Интернет-страница на Културно-уметничкото друштво „Охрид“: http://macedon.hu/en/index.html (1. 1. 2013).

[15] Интернет-страница на ансамблот: http://zornica.hu/index.php?lang=bg (10. 10. 2013).

Праксите на запишување на народни песни и фонографските снимања со текот на времето преминале во бележење со камера. Оваа состојба ја следи и изготвувањето на базите на податоци и нивното користење во образованието и во културата. Но, со процесот на дигитализацијата постепено ќе се овозможи материјалите од сите периоди и начини на бележење да бидат достапни за користење и проучување.

## Користена и препорачана литература:


Боља, Ана Марија. 2013. Местото на балканскиот и македонскиот фолклор во Унгарија. Во: J. Rękas (ур.), *Bałkański folklor jako kod interkulturowy II*. Poznań: Uniwersytet im. Adama Mickiewicza w Poznaniu, стр. 2–12.

*Зорница. Българска фолклорна група в Будапеща*. (n.d.). Посетено на 2. 6. 2013 zornica.hu: http://zornica.hu/index.php?lang=bg

*A Kodály-módszer a gyakorlatban*. (n.d.). Посетено на 15. 9. 2013, thinkquest.org: http://library.thinkquest.org/05aug/01340/hun/meinu.html

Andrásfaly, Bertalan. 2010. *Beszámoló az MTA Tánctudományi Munkabizottsága 2010 évi működéséről.* Посетено на 12. 6. 2013, A Magyar Tudományos Akadémia honlapja: http://mta.hu/data/cikk/11/74/71/cikk_117471/Tanctud_Munkabiz_evesbesz2010.pdf

Bólya, Anna Mária. 2012. A balkán táncházmozgalom jelentősége; múltja, jelene és jövője. Во: G. Bolvári-Takács (ур.), *A hagyományos tánckultúra metamorfózisa a 20. században*. Budapest: Magyar Táncművészeti Főiskola, стр. 45–52.

Bólya, Anna Mária. 2013. Balkán folklór Magyarországon a XX. században – Балканскиот фолклор во Унгарија во 20 век. Во: К. Мењхарт (уред.), *Стопанска и културна дейност на националностите в Унгария през 19 век и първата половина на 20 век – A nemzetiségek gazdasági és kulturális tevékenysége Magyarországon a 19. században és a 20. század első felében*. Будапеща – Budapest: Български културен център – Bolgár Kulturális Fórum, стр. 10–15.

Choksy, Lois. 1999. *The Kodály Method I: Comprehensive Music Education.* New Yersey: Prentice-Hall.

*Describe of the movement „Gyöngyösbokréta" in Hungary.* (n.d.). Посетено на 3. 7. 2013, Hungarian Digital Library: http://mek.oszk.hu/02100/02115/html/2-840.html

Diószegi, László. (n.d.). *The history and the present of the Moldva Csangos*. Посетено на 12. 12. 2013, Magyarfalu: http://www.magyarfalu.hu/rolunk4_en.html

*Égei Makedónok Magyarországi Szövetsége*. (n.d.). Посетено на 10. 9. 2013, Szentendre: http://www.szentendre.hu/index.php?menuId=2482

*Folklór Adatbázis- Folklore Database*. (n.d.). Посетено на 2. 2. 2013, folkoredb.hu: http://www.folkloredb.hu/fdb/index.php

*Hungarian Dance Academy*. (n.d.). Посетено на 2. 2. 2013, Magyar Táncművészeti Főiskola: http://mtf.hu/

*Hungarian Dance Heritage House*. (n.d.). Посетено на 10. 10. 2013, http://www.heritagehouse.hu/: http://www.heritagehouse.hu

*Institute for Musicology*. (n.d.). Посетено на 3. 6. 2013, www.db.zti.hu

Kodály, Zoltán. 2007. A hiteles népdal szerepe a zenei nevelésben. Во: F. Bónis (ур.), *Visszatekintés. Összegyűjtött írások, beszédek, nyilatkozatok III.* Budapest: Argumentum Kiadó, стр. 210.

Landgraf, Ildikó. (n.d.). *Vikár Béla tudományos pályája és hagyatéka*. Посетено на 20. 10. 2013, Унгарска академија на науките – претставувања: http://mta.hu/fileadmin/I_osztaly/eloadastar/Vikar_emlekules_LandgrafI.pdf

Lukács, István – Stjepan, Lukač. 2009. *A csend relációi – Relacije tišine.* Budapest – Budimpešta: Budapesti Horvát Önkormányzat, Fáklya Horvát Táncegyüttes – Budimpeštanska hrvatska samouprava, Hrvatski ansambl Luč.

Martin, György. (n.d.). Посетено на 8. 10. 2013, Hungarian Digital Library: http://mek.oszk.hu/00300/00355/html/ABC09732/10111.htm

Martin, György. 2000. *Énekes körtáncok.* Budapest: Planétás.

*Ohrid Macedonian Folklore Ensemble*. 2012. Посетено на 1. 1. 2013, macedon.hu: http://macedon.hu/en/index.html

Paper-based catalog of the Institute for Musicology. (n.d.). Hungarian Academy of Sciences – Institute for Musicology.

*Táncház method*. (n.d.). Посетено на 3. 6. 2013, UNESCO: http://www.unesco.org/culture/ich/index.php?lg=en&pg=00011&Art18=00515

*Új nemzeti kisebbség Magyarországon?* (n.d.). Посетено на 2. 2. 2011, hvg.hu: http://archivum.hvg.hu/article/200119Multkeresok_Uj_nemzeti_kisebbseg_Magyarorsza.aspx

Vujicsics, Tihamér. 1978. *A magyarországi délszlávok zenei hagyományai – Muzičke tradicije Južnih Slovena u Mađarskoj.* Budapest: Tankönyvkiadó.

*Website of the folklore databases*. (n.d.). Посетено на 3. 6. 2013, Intitute for Musicology: www.db.zti.hu